ќе биде „Етничките и националните процеси кај југословенските народи". Во врска со оваа тема ќе бидат поднесени низа реферати и соопштувања со кои ќе се опфатат сите периоди од историјата на нашите народи. За да се изврши подобра подготовка на конгресот, Извршниот одбор реши за нов претседател на Сојузот да се избере некој од редовите на македонските историчари, како домаќини на конгресот.

Извршниот одбор, по барање на претставниците од сите републички историски друштва, го разгледа начинот на кој во Бугарија се прикажува создавањето на бугарската држава и Сан-стефанскиот договор, а посебно учество на бугарските историчари во одбележувањето на 90-годишнината од овие настани. Сите членови на Извршниот одбор на Сојузот, изразија најдлабоко чудење во врска со ненаучното пристапување на бугарските колеги кон ова важно прашање од историјата на Балканскиот Полуостров. Исто така, на оваа седница е изразена загриженост по повод на антијугословенската кампања во бугарската јавност што се води преку сите средства на јавната информација, како и преку научните и стручни публикации, а што може сериозно да ги загрози длабоките стремежи за соработка на народите од Југославија и Бугарија и да внесе елементи на нестабилност во односите на балканските народи. Извршниот одбор на Сојузот се надева дека стремежите за братска соработка меѓу народите на Југославија и Бугарија, почитувајќи ја полната рамноправност на сите народи, набргу ќе надвладее и ќе ги отстрани сите ненаучни обиди од сличен карактер.

На истата седница Извршниот одбор ги разгледа извештаите од редакциите на своите публикации „Југословенски историски часопис", „Настава по историја" и „Акта хисторика". Во дискусијата, што беше разновсна, посебно се подвлечени материјалните тешкотии со кои се судираат редакциите и друштвата на историчарите. Извршниот одбор го прими овој извештај

1. III. 1968
Белград

Извршен одбор на Сојузот
на историчарите на Југославија.

*А. А.*

## НАУЧЕН СОБИР — „ОКТОМВРИСКАТА РЕВОЛУЦИЈА И НАРОДИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА"

### Посветен на 50-годишнината од Великата октомвриска социјалистичка револуција 1917—1967

По случај на овој мошне значаен јубилеј се одржа научен собир во Котор од 24 до 28 октомври 1967 година. Собирот го организира заедницата на институтите за изучување на работничкото движење и Сојузот на комунистите на Југославија.

Котор беше одбран за место на одржување на научниот собир бидејќи, како што е познато, на 1 и 2 февруари 1918 година во Бококоторскиот залив избувна бунт на морнарите од австроунгарската бојна флота, со што всушност и преку овој нстан се одгласи Октомвриската револуција и во нашата земја. Главната организациона работа за овој јубилеј ја изврши Припремниот одбор што го сочинуваа 22 лица-научни работници, меѓу кои имаше претставници од сите наши републики. За овој собир беа испратени над 100 научни реферати и соопштенија. Истите беа умножени и благовремено доставени на сите учесници на собирот. На овој јубилеен научен собир освен тоа што учествуваа научни работници од Југославија, имаше и претставници и од странство (некои од нив со свои реферати), првенствено од социјалистичките земји. (СССР, Полска, Чехословачка, Романија, Бугарија, Унгарија). Свеченото отворање на Собирот се изврши на 24 октомври во 16.30 часот во свечената сала на Домот на културата во Котор. Од странските учесници, при отворањето на научниот собир, присутните ги поздрави советскиот научник Рубин Васиљевиќ. Потоа, во Пленумот беа изнесени 3 реферати и тао: 1. од Др. Олег Мандиќ: Местото на Октомври

во современата историја; 2. од Бернард Стули: Значењето на востанието на бококоторските морнари во февруари 1918 година; 3. од Др. Сергије Димитријевиќ: Усвојувањето на концепциите и искуствата од Октомвриската револуција во југословенското работничко движење.

Во наредните четири дена работата на Научниот собир се одвиваше во 3 секции, во просториите на „Југооцеанија", под следниве работни наслови: I секција: Револуционерните и општествено-политичките настани во Југославија во времето на Октомври (1917—1921); II секција: Меѓународното работничко движење и некои аспекти на меѓународните односи во времето и по Октомври; III. секција: Октомври и некои проблеми на идеологијата и на општествено-политичките правни науки.

Од СР Македонија со свои реферати и соопштенија настапија следниве научни работници: 1. Др. Александар Апостолов: Револуционерните прилики во Македонија" во 1918, 1919 и 1920 година; 2. Др. Орде Ивановски: Одгласот на Октомвриската револуција на ставовите на балканските социјалисти спрема македонското прашање во првите години по револуцијата; 3. Др. Воислав Кушевски: Македонското прашање пред Друштвото на народите; 4. Др Иван Катарџиев: Влијанието на Октомвриската револуција на ширењето на комунистичкото движење во Македонија до Обзнаната; 5. Др. Манол Пандевски: Македонското ослободително движење во емиграција и Октомвриската револуција; 6. Др. Димитар Поп-Георгиев: Личната своина (Постанок и развој под влијанието на Октомвриската револуција); 7. Др. Петар Стојанов: Антивоеното расположење на фронтот во Македонија кон крајот на 1917 и во текот на 1918 година.

Во Секциите рефератите и соопштенијата не се читаа од авторите туку заради штедење на времето, по неколку реферати, со сродна тематика, накусо ги соопштуваа од порано определени таканаречени рапортери.

Работата по секциите се одвиваше и претпладне и по пладне. Во меѓувреме, за учесниците на овој научен собир, за гостите од градот Котор и од околните населени места, беа устроени повеќе културно-уметнички претстави, излети, изложби и прием од страна на претседателот на Општинското собрание на Котор. Така на пример, беше приредена изложба во просториите на Домот на Културата во Котор на тема „Одгласот на Великата октомвриска револуција и востанието на морнарите во Бока Которска. Се положија венци на гробот на стреланите морнари во Шкаљари; Потоа беше направена една обиколка на Бококоторскиот залив, со брод од воената морнарица. Оваа обиколка беше мошне интересна и корисна за учесниците на собирот, бидејќи имаше и научен карактер. Имено, познатиот од тој крај Дон Нико Луковиќ ги запозна учесниците со историјатот скоро на сите поголеми места што се наоѓаат покрај заливот, со нивните знаменитости, со нивната улога во историјата на овој крај, со нивниот успон и стагнација низ вековите. Зборуваше и за современите постигнувања во економското и културното поле во овој крај. Еден кустос на тамошниот музеј зборуваше за распоредот на бродовите во заливот на коишто се разбунтувале морнарите во февруари 1918 година. На 26. X. 1967 година беше природен концерт од Симфонискиот оркестар од Титоград; На 27 за учесниците на Собирот и за граѓанството беше изведена театарска претстава „Горски венец" од ансамблот на Народното позориште од Титоград. По завршувањето на работата на Научниот собир беше организирана дводневна екскурзија до Цетиње и Будва. На крајот, сметам дека ќе е од интерес за читателите на „Историја", ќе цитирам еден кус извадок од сеќавањата на веќе спомнатиот Дон Нико Луковиќ, што беа писмено поднесени на овој Собир во II секција, а што се однесуваат на последните часови од животот на четворицата на смрт осудени морнари, по угушувањето на бунтот на бродовите во февруари 1918 година. Насловот на соопштението гласи:

„Значај устанка морнара бивше аустро-угарске војне морнарице", а еве го кусиот извадок од него:

„. . . Prijeki vojni sud je uhapsio oko 800 mornara, preostali su bili prebačeni na italijanski front, nekoliko desetina je bilo osuđeno na vremenske kazne, a četvorica na smrt streljanjem: Čeh Franjo Raš elektrotehničar iz Pšerova u Moravskoj, rezervni narednik sa „Belajtungs

Abtajlunga Kumbor" kod Hercegnovog, Hrvati iz Dalmacije: Jerko Šižgorić sa ostrva Žirja blizu Šibenika, Mate Brničević iz Jesenice blizu Splita i Anton Grabar iz Poreča u Istri, svi mornari palubari.

Kao ondašnji rezervni vojni sveštenik dobio sam u noći 10 februara 1918 godine pismeno naređenje Komande mjesta u Kotoru, da se u 5 časova ujutru idućeg dana nađem u Vojnom zatvoru u Kotoru sa zadatkom da mornarima na smrt osuđenima pružim poslednju vjersku utjehu i da ih pratim do mjesta izvršenja presude u Škaljarima. Dok sam ulazio u ćeliju mornara na smrt osuđenih, Jerko Šišgorić me dočekao riječima: „Zar i Vi dolazite da nam navijestite smrt. Mi smo mladi, hoćemo da živimo. Borili smo se za pravednu stvar: za slobodu i ljudski život svih mornara na brodovima". Zatim je u ljutnji razderao vojničku bluzu. Franjo Raš ga je mirio: „Mi treba da poštujemo humanitarnu misiju sveštenika. Njemu nije lako". Pa se okrenuo meni govoreći: „Ja sam socijalist. Eto moje javne ispovjedi: borio sam se za pravdu protiv ovog imperijalističkog, osvajačkog rata koji su povele Austrija i Njemačka. Radio sam u pokretu mornara da se sruši monarhija. Hrabrilo me je ono što se događalo u Rusiji. Tamo je granulo novo sunce, koje će ogrijati ne samo Slovene, nego i sve narode svijeta i donijeti im pravdu i mir. Zato protestujem protiv ovakve presude, koju smatram pravosudnim ubistvom." „Ne žalim što sam osuđen na smrt, govorio je mirno Mate Brnijević. Vjerujem da će naša smrt donijeti bolji život budućim naraštajima. Borio sam se za čovječni postupak sa mornarima, zato mirno odlazim u smrt."

Anton Graber je bio najviše potresen, jer je kao jedini od njih oženjen ostavljao iza sebe ženu i dvoje djece.

Pri strijeljanju mornari su se držali hrabro, osobito Raš koji nije dozvolio da mu povežu oči: „Uvjek sam gledao istini u oči pa hoću i smrt". Poslednje su mu bile riječi: „Ovo je, moja gospodo pravosudno ubistvo, to je izgovorio na njemačkom jeziku da razumiju oficiri, završio je: „Živjela sloboda, živjela Rusija". Jerko Šižgorić kaže jakim glasom povezanih očiju vojnicima voda za strijeljanje: „Vojnici, ovaj dan nećete nikada zaboraviti, jer mi smo se borili za vas a vi nas sada ubijate". Mate Brnićević je bio smiren i nije ništa govorio. Anton Graber u svojoj dobrodušnoj naivnosti još je jednom pokušao da gane srca sudija pa je sudiji istražitelju uz plač upravio na talijanskom jeziku ove reči: „Ako se nećete smilovati meni smilujte se barem mojoj mladoj supruzi i mojoj nejakoj djeci". Na streljištu je nastala mučna atmosfera. Konsternacija! Jedan vojnik iz voda za strijeljanje pada u nesvijest. Zamjenjuju ga drugim. Komandir vioda spusta sablju, što je znak za pucanje, ali niko od osam vojnika određenih za strijeljanje ne okida. Komandir daje znak za paljbu sabljom i po drugi put, ali i tada niko ne okida. Tada utrči među njih i oštro im nešto progovori na mađarskom jeziku. Tada po treći put daje znak sabljom za paljbu. Tragedija je na vrhuncu! Vojnici pucaju... Padaju četiri mlada mučenika za pravdu i mir. Tri smrtno ranjena, a Graber lakše ranjen previja se živ. Našto komandir voda određuje dva vojnika da ga iz neposredne blizine dotuku mecima u glavu".

*A. A.*

## ИЗЛОЖБА „ЈУГОСЛОВЕНИ ВО ОКТОМВРИСКАТА РЕВОЛУЦИЈА"

По повод прославата на 50-годишнината од Октомврискaта револуција, во просториите на Работнички универзитет во Скопје, беше отворена изложбата „Југословени во Октомврискaта револуција". Оваа изложба ја подготви Музејот на Револуцијата на Југословенските народи од Белград. Организацијата околу нејзиното гостување беше презeмена и реализирана по иницијатива на Историскиот музеј во Скопје а во соработка со Заводот за култура и информации на град Скопје. Истата беше свечено отворена пред голем број општествени и културни работници на 4. XII. и траеше до 20. XII. 1967 година.

На изложбата се презентирани историски материјали како фотографии, фотокопии од документи, пропратни и уводни текстови, преку кои е даден еден хронолошки приказ на покрупните настани пред Октомврискaта револуција, за време на револуцијата и непо-